DUJE RENDIĆ – MIOČEVIĆ, *Dalmatia Christiana, Opera Omnia*. Priredio i predgovor napisao Nenad Cambi, Arheološki muzej u Zagrebu, Književni krug Split, Zagreb-Split 2011, 487 стр.

Археолошкиот музеј во Загреб во 2004 год. покрена издавање на серијата Каталози и Монографии (*Musei Archaeologici Zagrabiensis Catalogi et Monographiae*) покрај постоењето на списанието *Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu*, кој излегува редовно од далечната 1870 год. Кон оваа издавачка активност во поново време е приклучена и иницијативата за издавање на Собрани трудови на познати истражувачи на хрватската археологија (*Collectanea archaeological Musei archaeologici Zagrabiensis*). Делата на угледниот истражувач и профессор по класична археологија на Загребскиот универзитет Дује Рендиќ-Миочевиќ од областа на античката археологија беа публикувани во издавачка куќа Книжевни круг од Сплит под име „*Iliri i antički svijet*"– *Opera selecta*. И во оваа прилика угледната издавачка сплитска куќа се приклучува кон новиот зафат на Археолошкиот музеј од Загреб за издавање на собрани трудови, односно на дел од научниот опус на академик Д. Рендиќ Миочевиќ, чија содржина ја организирал, ја приредил и дел од трудовите обелоденети во странство ги превел академик Ненад Камби.

Во делото *Dalmatia christiana* собрани се сите трудови на Д. Рендиќ Миочевиќ кои се однесуваат на доцната антика со нагласка на ранохристијанската археологија. Особено место завзема проблематиката врзана за споменици од римските провинции Далмација, Истра, Панонија, со нагласен осврт кон спомениците од Салона, каде професорот заедно со познатиот истражувач А. Дигве (Einer Dyggve) ископувал во периодот од 1949–1954 год.

Во вонрено инспиративниот ПРЕДГОВОР од приредувачот на ова издание акад. Ненад Камби изведен е студиозен приказ на работниот век на научникот и професор на триесетина генерации на Загребското Свеучилиште од втората половина на XX век. Низ овај curriculum vitae проследени се сите бројни научни теми кои беа обработувани продлабочено, со голема внимателност, но и со нови идеи во толкувањето на одредени теми на споменици третирани и од други автори. Маестралното искажување на проф. Рендиќ, презентирано во публикацијата, е претставено преку текстовите издадени во текот на годините на хрватски јазик, но и на оние трудови, обелоденети во странство на германски, италијански и француски, кои во одличните преводи на проф. Н. Камби, со успех го следат вонредниот истражувачки стил на авторот.

Приредувачот на делото, со почит кон различните професионални интереси на авторот, ги групира трудовите според одредени теми кои и интердисциплинарно се испреплетуваат. Во научната работилница на проф. Рендиќ се третирани теми од архитектурата, урбанизацијата, епиграфијата, предмети од употреба во секојдневието, но и содржини кои претставуваат сублимат на спомеников наследство за едно време во одреден простор. Во делото поради разнообразната тематика трудовите се групирани во пет поглавја: Архитектура, Novitates, Epigrafica et Historica, Varia archaeologica, Enciclopaedica. На крај е претставена целокупната обемна библиографија на Д. Рендиќ Миочевиќ до 1993 година, кога професорот се пресели во вечноста. Делото е пратено и со Индекс, се заедно изведени од приредувачот проф. Н. Камби.

Opera Omnia започнува со главата АРХИТЕКТУРА каде се поместени студии за ранохристијанските споменици каде што доминираат теми врзани за градбите од Салона. Авторот критички се осврнува кон веќе откриените комплекси од ранохристијанскиот сегмент на пространиот град. Разработувана е хронологијата на баптистериумите и нивниот развој, почнувајќи од нивната појава во ораториумите или во *domus ecclesia*, до бројните фази кои се пратат во базиликалните комплекси, врзани за ортодоксиeто или за аријаните. Преку критички пристап, предложени се нови идентификации на просториите кои го пратат баптисмалниот обред, односно, позицијата на катехуменејот (*cathehumeneum*) и на консигнаторијот (*consignatorium*) во епископската базилика на ортодоксните христијани. Потоа ги следи и развојните фази на basilica gemina во Салона од која подоцна јужната градба ќе биде дефинирана со крстеста основа. Укажува на разликите на баптистериите во руралните средини на брегот на Јадранот, кои се главно вметнати во северните бродовите на базиликите и каде чинот на покрстувањето е следен со поедноставена литургиска церемонија, што покажува дека не се работи само за скромност во градбите туку и за чин на покрстување на верниците и надвор од епископските седишта.

Во следната глава NOVITATES се поместени неколку студии кои се однесуваат на новооткриени наоди од Салона, кои авторот ги интерпретира на свој особен продлабочен начин. Предметите се однесуваат на садови, особено оние со коптско потекло (ламба, кадилница), печат, или архитектонски објекти, како „турњачница“ (маслинара), идентификувана со теренска опсервација, како и серија на ѕидани сликани гробници од некрополата Манастирин, но и епиграфскиот материјал откриен на тој простор со сепулкрален карактер.

Епиграфската опседнатост на професорот, која што со многу упорност ја пренесуваше и на студентите по археологија, почнувајќи од раната антика, ја венесе и во интерпретацијата на епиграфските споменици од доцната антика и христијанството. Се тоа се следи во главата EPIGRAFICA et HISTORICA. Читањето на натписите е маестрално, поради вонредната интерпретација. Од неговата мајсторска работилница на читање и идентификување на грчките натписи од раната антика, позната од порано, како и ономастичките студии, тука се дадени бројни прилози кои ја откриваат културната, политичката и црковната историја на животот во Јадранскиот простор. Многу согледувања се испреплетуваат и надополнуваат читајќи ги различните прилози. Се откриваат врските на Салона и Аквилеја, историјата на маченикот Домнио и аквилеецот Анастасиј Мартир.

Долгогодишните истражувања на проф. Рендиќ-Миочевиќ во Данило, каде студентите на низа генерации го имаа своето археолошко теренско крсштевање, донесоа до идентификација на населбата Ридер, со муниципален статус (Municipium Riditarum), што се потврди со епиграфски доказ. Затоа во публикацијата се претставени дел од ископувањата кои се однесуваат на доцната антика но и на архитектурата од ранохристијанската епоха, како и некои епиграфски споменици кои го потврдуваат потеклото на епископот Аурелиј од Ридер, иначе погребан во Милано, со што е разрешена дилемата околу различните мислења по тоа прашање.

Во тој контект се посочува и една појава врзана за доцната антика, кога често се случуваат префрлувања на населбите од рамницата на позицијата на преисториските населби, кои порано биле напуштени, а сега актуелни поради опасностите од варварските продори.

Познавањето на античката ономастика, како еден многу значаен сегмент од опусот на проф. Рендиќ-Миочевиќ наоѓа место и во интерпретации во средновековната епиграфија. Тој е толкувач на средновековната ономастика во која ги открива проникнатите обичаи или норми од илирскиот супстрат и од ономастичките форми на романизираното население, врз кои се наслонуваат законитостите на словенско-хрватската антропонимија. За тоа наоѓа потврда во изворите каде се зборува за хрватските владетели од раниот среден век, Десимир, Крешмир, Звонимир и други личности од раната хрватска историја. Околу владетелската антропонимија од истото време особено се занимава со единствениот епитаф од саркофагот на кралица Елена од X век, од лексички, историско хронолошки и ономастички аспект.

Во следната глава VARIA ARCHAEOLOGICA пак се следи големиот професионален интерес на авторот кон монументот на античкиот свет Салона (*Colonia Martia Iulia Salona*). Дали зборува за споменичкото наследство на градот, или историскиот континуитет на утврдувањето како pars vetus, urbs orientalis, urbs oxidentalis, или за урбанизацијата и развојните фази на големите архитектонски споменици од паганската и ранохристијанската епоха, насекаде се чувствува во која мера е големината на овој космополитски центар на источниот брег на Јадранот. Истакнувајќи ја улогата на грчко-исејските доселеници, на автохтониот далматски супстрат, на римското доселување отсекаде на големата империја од медитеранскиот круг во градот, ги следи сите проткајувања на различните култури, укажувајќи на благосостобата и просперитетот што се прочитува и во синтагмата *Felix Salona*.

Работејќи на интерпретацијата на нови откритија со многу внимание се осврнува и на резултатите од старите истражувачи на Салона почнувајќи од XIX век и следејќи ги оние понатака, како Ф. Булиќ, К. Ланза, Ф. Карара, Р. Егер, Е. Дигве и други. Особено во тој контекст го подвлекува пионерското дело на дон Фране Булиќ, кој прв ја исцрта топографијата на Салона, ископувајќи ги и паганските градби и оние од ранохристијанската епоха со нагласок и голем истражувачки самопрегор. Резимирајќи го неговото дело, проф. Рендиќ-Миочевиќ го подвлекува значењето на Булиќ во дефинирањето на археологијата, како ancila historiae, во сфера на науча дисциплина, што ќе резимира со своите активности формирање на Катедра за археологија на Универзитетот во Загреб (1896 год.), една од најстарите на Балканот.

Во групата на салонитанските студии, како дел од VARIA научниот интерес Рендиќ-Миочевиќ како познавач на античката уметничката пластика, религија и царската идеологија, се занимава и со проблемот на идентификација на релјефите во интериерот на мавзолејот на Диоклетијан во Сплит, со оние сочуваните и со предлозите за реконструкцијата на празно поле, оштетено во христијанскиот период.

На крајот во главата ENCICLOPAEDICA се дадени една серија на енциклопедиски текстови кои се однесуваат на одредени историски периоди од антиката до средниот век, а претставуваат синтези за културната историја на Хрватска, Западен Балкан и екс југословенскиот простор.

На крај е претставена обемна библиографија на академик Дује Рендиќ Миочевиќ, со која за прв пат се обелоденува целокупниот научен опус

до годината на неговото трајно заминување, еден од големите познавачи на античкиот свет на Балканот од втората половина на XX век.

*Вера Битракова Грозданова*
Македонска академија на науките и уметностите
Скопје

*ОДАБРАНЕ ПЕСМЕ СВ. ГРИГОРИЈА БОГОСЛОВА*, избор, превод, предговор, објашњења Челица Миловановић, Српска књижевна задруга, Београд 2012, стр. 160.

## ЗА ЕДЕН СОВРЕМЕН ПРЕПЕВ КОЈ ВЕРОДОСТОЈНО ИСЦРТУВА ЕДНА ДАЛЕЧНА СОВРЕМЕНОСТ

Насловот со кој го озаглавивме изданието што го прикажуваме ни се наметна од констатацијата што ја читаме на почетокот од Предговорот. Во него препознаваме равенство помеѓу личноста чии стихови се препејани и она далечно време во кое Авторот преуспевал: „Ако за некој писател воопшто би можело да се каже дека во целост бил човек на своето време, тогаш тоа секако би требало да биде кажано за Св. Григориј Богословот. Зашто во неговото дело може да се согледаат сите елементи на јавниот и културниот живот на Источното римско царство во четвртиот век, додека неговиот приватен живот во целост ги отсликува највозвишените духовни идеали од тоа време“.

Изборот на песните од поетското творешетво на Св. Григориј од Назијанз, нивниот препев и објасненија како и Предговорот со што ова издание ги надминува границите на обична поетска збирка од одбрани поетски творби, се дело на проф. д-р Челица Миловановиќ- Бархам, професор на Универзитетот Милерсвил во САД, која на дделението за странски јазици предаваше класичен и средновековен латински и грчки јазик со литература, византиска филологија и класична митологија. Но нејзина потесна специјалност се византиската филологија, патристичката литература, како и античката и средновековната теорија на литературата. Нејзиниот творечки опус изобилува со научни трудови и преводи од обласа на патристиката, христијанската литература, но и со со на теми од обласа на проучувањето на класична литература.

Во неодамна објавената публикација „Одабране песме Св. Григорија Богослова“ е препејан еден мал, но тематски многу успешно одбран број песни од импозантниот поетски опус на Григориј од Назијанз (330–390 год.). Зашто севкупното дело на Григориј, во обемот што е зачуван, освен 45 беседи и 249 писма содржи и неколку стотини песни, сосема различни по својата содржина, по својот обем и по поетската вдахновеност што провејува во нив. Периодот кога се тие создавани се совпаѓа со последните години од неговиот живот, значи некаде околу 381–389 година.

Поетското творештво на Григориј содржи околу седумнаесет илјади стихови пишувани во различни поетски метри и, сообразено со нив, на различни грчки дијалекти. Денес поезијата на Григориј од современите издавачи е поделена на две основни групи : Прва Книга – *Теолошки песни,* поделени на два дела : 1 *Догматски песни* и 2. *Морални песни* и Втора Книга – *Историски песни* распоредени во два тома : 1. *За себе самиот* и 2: *За другите*. Во неговиот поет-